ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
SWIMMING FEDERATION OF MACEDONIA

Врз основа на Закон за Спорт на Република Северна Македонија и Статут на Пливачка Федерација на Северна Македонија (ПФСМ), Управен Одбор на ПФСМ, на седница одржана на 02 Април 2019година, донесе Одлука за донесување на:

## ПРАВИЛНИК ЗА РЕПРЕЗЕНТАТИВЕН СТАТУС НА ПЛИВАЧИ И ТРЕНЕРИ ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**член 1**

Со овој Правилник се уредуваат прашања во врска со работа и организација на Националните тимови во Пливачка Федерација на Северна Македонија (во понатамошен текст: ПФСМ), квалитет на пливање во Република Северна Македонија и негова застапеност во земјата и во странство.

Член 2.

Националниот тим на ПВСМ по квалитетот и организацијата на работа делува како резултат на најголеми достигнувања во пливачки спорт на Република Северна Македонија и утврдена е со возрастни категории:

- **сениори** - членови на репрезентација можат да бидат најдобрите пливачи кои според година на раѓање и резултат ги задоволуваат FINA правилата за настап, како и дополнителни критериуми зададени од Стручен Совет на ПФСМ.
- **јуниори** - членови на репрезентација можат да бидат најдобрите пливачи кои според година на раѓање и резултат ги задоволуваат FINA правилата за настап, како и дополнителни критериуми зададени од Стручен Совет на ПФСМ.
- **кадети** - членови на репрезентација можат да бидат најдобрите пливачи кои според година на раѓање и резултат ги задоволуваат FINA правилата за настап, како и дополнителни критериуми зададени од Стручен Совет на ПФСМ.

**член 3**

Статус на репрезентативец на Република Северна Македонија во одредена категорија се стекнува со остварување на врвен резултат во пливачкиот спорт и поседување на државјанство на Република Северна Македонија.
Шеф на делегација, тренери и помошници се исто така членови на репрезентација кои ги задоволуваат претходно наведените услови.

**член 4**

Пливачкиот клуб од кој потекнува пливачот-репрезентативец е должен да обезбеди оптимални услови за остварување на посебни или индивидуални програми за работа зададени од Стручниот Совет или тренерот на репрезентација.

**член 5**

Пливачките клубови од каде потекнуваат пливачи-репрезентативци, се должни да овозможат непречено учествување во сите фази на репрезентативна работа и настап. Клубовите, селектираните пливачи и тренери се должни го прифатат секој повик за активност на национална репрезентација.
Во случај на откажување на учество во работа или настап мора да се достави доказ од оправдани причини и тоа во рок од 15 дена пред настап.

e-mail:office@pfm.mk; malenko@pfm.mk; pejko@pfm.mk mob: +389 77 84 64 44; +389 75 33 88 63 www.pfm.mk

Scanned by CamScanner

Во случај на неоправдано отсуство на селектирани членови на репрезентација, клуб, натпреварувач или тренер ќе бидат применети дисциплински мерки и казнени одредби од овој Правилник.

**член 6**

Сите членови на репрезентација се должни да соработуваат со раководство на ПФСМ, во дел за односи со јавност и маркетинг за промотивни активности кои придонесуваат во развој и афирмац ја на пливачкиот спорт.

**член 7**

Членовите на Националната репрезентација, како најистакнати на македонското пливање, мора да се грижат за достојно преставување на Република Северна Македонија, а со своето однесување на пливачки натпревари и надвор од нив треба да претставуваат пример за сите. Членовите на националната репрезентација кои намерно ја нарушуваат спортската дисциплина и не го почитуваат овој Правилник ќе бидат санкционирани со казнени одредби и дисциплински мерки согласно овој Правилник.

**член 8**

Членовите на национална репрезентација се должни да носат на себе официјална спортска опрема на себе и тоа:

- на натпревари и сите настани поврзани со натпреварите (патувања, подготовки, тренинзи)
- на конференции за медиуми и на сите медиумски настапи на која се повикани како репрезентативци
- на места каде раководството на ПФСМ ќе одреди за нивно задолжително присуство

**член 9**

Пливач-репрезентативец може да потпише индивидуален спонзорски договор, но без писмено одобрување на УО на ПФСМ не смее да го стави на официјална национална спортска опрема.

**член 10**

На сите меѓународни настапи ПФСМ е должна да обезбеди патничко и здраствено осигурување за сите членови на репрезентација.

**член 11**

Членови на репрезентација за својот труд, работа и врвен успех можат да добиваат награди, признанија, национални признанија и награди за посебен придонес, развој и афирмација на пливачкиот спорт уредени со Законот за спорт на Република Северна Македонија.

**член 12**

Пленови на репрезентација дисциплински и материјално се одговорни за официјалната спортска опрема со која се задолжени, и по секое завршување на нивна активност во репрезентацијата должни се уредно и целосно да ја вратат доколку тоа од нив се побара.
Во случај на немарност, оштетување или губење на истата, членот на репрезентација е должен материјално да ја надокнади.



Scanned by CamScanner

**член 13**

Дисциплински мерки:

1. Откажување учество во репрезентација и враќање дома на трошок на спортист (од подготовки, од натпревар)
2. Парична казна со Одлука од УО на ПФСМ
3. Раскинување на стипендиски договор
4. Дисквалификација од понатамошни активности во ПФСМ
5. Неповикување на кандидат во репрезентација минимум една календарска натпреварувачка сезона (доколку пливач/и или клуб не се придржува на овој Правилник)
6. Дисциплински мерки ги носи УО на ПФСМ по предлог на тренер на репрезентација, Стручен совет на ПФСМ или друг член на ПФСМ кој ќе го воочи прекршокот, а на основа на писмен извештај, УО на ПФСМ носи конелна одлука

**член 14**

Овој Правилник стапува на сила од ден на објава на официјална веб-страна на Пливачка Федерација на Северна Македонија

Скопје, 02.04.2019г.

Претседател на Управен Одбор на ПФСМ
Александар Маленко

______________________



Scanned by CamScanner